РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-1498/1
21 12 2023 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 21.12.2023 година донесе:

# ОДЛУКА
## за усвојување на годишен извештај за програмата за ЛЕР на општина Пехчево за 2023 година

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот извештај за програмата за ЛЕР на општина Пехчево за 2023 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за програмата за ЛЕР на општина Пехчево за 2023 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ПЕХЧЕВО

В.Ѓорѓиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 01-1498/2
21 12 2023 год
ПЕХЧЕВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА




Декември, 2023 година

# ВОВЕД

Овој извештај претставува збир на активности кои се реализирани од страна на Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, а во соработка со другите институции на локално ниво и со учество на граѓанското општество ( граѓански сектор, јавни и општински институции ) и се однесува за периодот од 01.01.2023 – 31.12.2023 година за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Пехчево за 2023 година.

Согласно надлжностите и задолженијата на општината, а во насока на подобрување на условите за локален економски развој беа планирани активности за реализција на Програмата за ЛЕР за буџетската 2023 година усвоена од Советот на Општина Пехчево.

При планирање на активностите од Програмата, се водеше сметка за специфичните потреби и финансиските капацитети на општината преку проценка и анализа во сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности. Согласно претходно наведените насоки и должности, во реализирањето на Програмата за Локален економски развој беа вклучени сите одделенија во локалната самоуправа на Општина Пехчево, при што Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР за буџетската 2023 година ја реализираше Програмата, Поддршка на локалниот економски развој.

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА

## 1. ПРОМЕНА НА ПРОЗОРЦИ ВО САЛАТА ВО ДОМОТ ВО СЕЛО ЦРНИК

По доставеното Барање со архивски број 08-926/1од 20.04.2021 година од страна на Министерството за локална самоуправа, согласно Програмата 4 – Активности поврзани со децентрализацијата, потпрограма 40 – Активности поврзани со децентрализацијата, стафка 464 – Разни трансфери , Програма за активности за ецентрализација, за поддршка на активости поврзани со подобрување на состојбата на ромската заедница, согласно Годишните Планови и Програми за интегрирање на ативности од Стратегијата на Ромите , Општина Пехчево поднесе проект со архивски број 03-417/2 од 26.04.2021 година за „Изградба на надворешни тоалети во Подрачното Општинско Училиште „Ванчо Китанов"- село Црник, Пехчево. Општина Пехчево потпиша Договор цо Министерството за локална самоуправа број 03-1312/1 од 15.12.2021 година, а вредноста на договорот беше 117.535 денри.

После направента комплетна техничка документација за доградба на тоалети истата беше со вредност околу 2.000.000,00 днари и се констатираше дека средствата предвидени за Општина Пехчево од страна на МЛС нема да бидат доволни за реализација на првоподнесениот проект.

Од страна на Општина Пехчево беше поднесено барање до МЛС за продолжување на рокот на проектот 03-1398/1 од 04.11.2022 година и Барање за пренамена на средствата со архивски број 03-1398/2 од 14.11.2023 година, наместо доградба на тоалети, средствата во вредност од 117.535,00 денари да бидат искористени за промена на прозорците во домот во село Црник.

По позитивниот одговор од страна на МЛС, на ден 16.12.2022 година беше потпишан Анекс 1 кон Договорот за финансиска поддршка за Општина Пехчево со архивки број 08-2953/1 од 15.12.2021 година, наш архивски број 03-1398/5 од 16.12.2022 година и архивски број на МЛС 08-2636/1 од 16.12.2022 година. Предмет на анексот број 1 кон Договорот за финансиска поддршка за Општина Пехчево беше промена на средствата односо истите да бидат искористени за Промена на прозорците во Салата на Домот на културата во село Црник, како и промена на времето на реализација на активностите, при што финансискиот и наративниот извештај требаше да бидат доставени до МЛС најдоцна до 31.01.2023 година.

Поради краткиот период за реализација на ден 16.12.2022 година од страна на Општина Пехчево беше поднесено барање за мислење за спроведување на

постапка за преговарање без претходно објавување на оглас до Бирото за јавни набавки. На ден 22.12.2022 година од нивна страна беше дадено позитивно мисење за отпочнување на наведената постапка. За таацел веднш започнавме со реализација на оваа постапка и поднесовме покана за поднесување на понуди. После доставената понуда, а согласно извештајот од валуација на понуди бр. 03-1566/7 беше утврено дека понудата од понудувачот е со цена која е повисока од проценетата вредност н набавката, па за таа цел извршивме преговарање со поволниот понудувач. Во извештајот од преговарањето е утврдено дека понудувачот се согласува со намалување на цената и наведе дека доколку биде избран за најповолен понудувач се согласува со намалување на цената и наведе дека доколку биде избран за најповолен понудуач набавката ќе ја реализира согласно барањата на договорниот орган. Од страна на одговорното лице на Општина Пехчево беше донесена одлука за избор и се пристапи кон потпишување на договорот со најповолниот понудувач, договор бтој 03-1566/12 од 27.12.2022 година. Проектот беше реализиран до 30.01.2023 година.

**Вкупната вредност на проектот:** 156.948,00 денари
**Министерство за локална самоуправа:** 117.535,00 денари
**Општина Пехчево:** 39.413,00 денари

## 2. УРЕДУВАЊЕ НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ЧИФЛИК, ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Општина Пехчево достави апликација до УСАИД, наш архивски број 03-671/1 од 25.05.2023 година за реализирање на проектот „Уредување на детско игралиште во село Чифлик, Општина Пехчево, со предмер пресметка односно спесификација за тоа што сакаме да правиме и што материјали ни се потребни за реализирање на активноста.

Во проектот покрај Општина Пехчево беа вклучени и Мрежата за рурален развој, локалното население од село Чифлик, ЈКП „Комуналец" – Пехчево, ОЈУДГ „7 Септемри" – Пехчево како и Едукативниот центар за зачувување на природата во село Негрево, Општина Пехчево.

Активности кои се реализираа во рамки на проектот „Уредување на детско игралиште во село Чифлик, Општина Пехчево беа следниве:

1. Оградување на игралиштето со нова мрежа;
2. Прицврстување и префарбување на столбови на кои е поставена мрежата;
3. Поставување на 4 канти за отпадоци;
4. Поставување на светилки на канделабрите;

5. Префарбување на канделабрите;
6. Реконструирани се постоечките скали кои водат до игралиштето;
7. Поставена постројка над игралиштето;
8. Набавени детски реквизити за децата;
9. Префарбани малите столбови и поставен синџир на истите;
10. Префарбани двете стативи;
11. Поставување на информативна табла;

**Буџет на Општина Пехчево:** 182.416,00 денари
**ОЈУДГ „7 Септември"- Пехчево:** 30.000,00 денари
**Едукативн центар за зачувување на природата, село Негрево Пехчево:** 4.000,00 денари
**ЈКП „Комуналец" – Пехчево:** 45.000,00 денари

## 3. ПОВРЗУВАЊЕ НА ДОВОДЕН ЦЕФКОВОД СО ФИЛТЕР СТАНИЦА ВО ПЕХЧЕВО СО ПОСТОЕЧКИ ТАЛОЖНИК И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТАЛОЖНИК

Согласно Програмата за управување со водите за 2023 година, дел III став 1 – „Изградба на нови и одржување и унапредување на постојаните јавни водоснабдителни објекти, Општина Пехчево поднсе барање/ апликација број 03-429/1, 03-429/2 од 27.03.2023 година за реализирање на проектот „Поврзување на доводен цефковод со филтер станица во Пехчево со постоечки таложник и реконструкција на таложник". Заедно со апликацијата беше поднесено и одобрение за реконструкција со архивски број 09-409/2 од 29.03.2023 година.

По поднесениот проект во Министерството за животна средина и просторно планирање истиот беше одобрен и беше потпишан Договор помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Пехчево во вредност од 2.100.000,00 денари и истиот согласно договорот требаше да биде завршен до 20.12.2023 година, а истиот беше заршен до 30.10.2023 година. Вкупната вредност на проектот по технишката документација е 2.213.646, 00 денари.

Согласно електронската аукција по распишаниот тендер за изведувач на работите за реализирање на горенаведениот проект, цената беше 2.028.394,53 денари

**Вкупната вредност на проектот:** 2.028.394,53 денари

**Министерство за животна средина и просторно планирање** : 2.028.394,53 денари

4. **ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПЕН ПАТ ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ПЕХЧЕВО – СЕЛО СПИКОВО ВО ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ И ШИРИНА 3,5 МЕТРИ**

Согласно Јавниот повик бр.09/2022 година за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година, Мерка 12 – Инвестиции во инфраструктурата за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди, Општина Пехчево достави апликација до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со архивски број 03-891-1 од 07.07.2022 година, со претходно донесени Одлуки од Советот на Општина Пехчево: Одлука за утврдување на приоритетен проект за учество на јавниот повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година на Општина Пехчево бр. 08-904/1 од 07.07.2022 година и Одлука за давање на согласност за намената на инвестицијата со предлог проект „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште, Пехчево – село Спиково" бр. 08-905/1 од 07.07.2022 година, како и Согласност на одлуката за „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште Пехчево – село Спиково" бр.09-911/1 од 07.07.2022 година.

Општина Пехчево доби Решение за одобрување на барање за финансиска поддршка во висина од **846.452,00 денари**, број 09-115/1 од 24.01.2023 година, по што беше распишана јавна набавка. По изборот на фирма изведувач на градежните работи беше потпишан Договор за јавна набавка за реализација на инвестицијата и истиот заедно со избрната понуда, одлуката и записникот за избор на најповолен понудувач беше доставена до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рураниот развој. Договорт за јавна набавка за изведба на овој проект беше во вредност **од 651.554,00 денари**, од кои Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој учествуваа со вредност **од 552.164,5 денари**, а од Буџетот на Општина Пехчево за реализација на овој проект беа одделени вкупно **99.389,6 денари.**

## 5. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО СЕЛО ЦРНИК И ИЗВЕДБА НА ДРЕНАЖА

Општина Пехчево преку достава на Писмо за интерес број 03-87/1 од 16.01.2022 година пројави интерес за соработка со Институтот за истражување и анализа на политики Ромалитко.

Откако беше позитивно прифатено писмото, Општина Пехчево достави апликацонен формулар за реализација на проектот „Реконструкција на детска градинка во село Црник и изведба на дренажа". По доставената апликација беше потпишан меморандум за соработка помеѓу Општина Пехчево, Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико и ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево.

**Вкупната вредност на проектот е:** 1.111.225,00 денари. Средствата беа обезбедени од:

**Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико**: 447.800,00 денари,

**Буетот на Општина Пехчево**: 415.998,00 денари,

**ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево**: 186.638,00 денари

**НВО КХАМ Делчево:** 50.209,00 денари, и дел од локални фирми како донација и од локалното население.

## 6. ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО ТУРИСТИЧКА НАСЕЛБА РАВНА РЕКА – ПЕХЧЕВО

Во врска со Договорот за грант, склучен меѓу Министерството за транспорт и врски и Општина Пехчево, одобрени се средства за реализирање на проектот „Изградба на канализационен систем и пречистителна станица за отпадни води во туристичката населба Равна Река – Пехчево". Финансирањето на проектот обезбедено е согласно Одлуката за изменување на Одлуката за распределување на средства , согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води". **Вредноста на проектот изнесува:** 11.980.970,00 денари.

## 7. УРЕДУВАЊЕ НА РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ВО ТУРИСТИЧКА НАСЕЛБА РАВНА РЕКА – I И II ФАЗА

Во завршна фаза е реализацијата на проектот „Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна Река – I и II фаза. Проектот е финансиран од страна на Бирото за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2021/2022 година, спроведен од страна на Центарот за развој на Источен плански регион, а краен корисник од реализацијата на истиот е Општина Пехчево.

**Вкупната вредност на проектот е** 12.023.416,48 денари.

## 8. ПРОЕКТ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ ВО ОПШТИНИТЕ

Општина Пехчево е дел од третата група нови партнери – општини на Проектот за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите на УСАИД. Градоначалникот на Општина Пехчево потпиша Меморандум за соработка со кој се обврзува на унапредување на своите капацитети за ефикасно прибирање на приходите од сопствени извори, подобрување на квалитетот на локалниот даночен систем, зајакнување на оперативните капацитети на даночната администрација и подобрување на способноста на локалните власти за планирање, управување и спроведување на јавните средства.

Преку овој проект општина Пехчево досега се има вклучено во три активности:

1. Изработка на План за ЛЕР;
2. Внатрешна комуникација;
3. Урбана ревизија;

## 9. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДВЕ ПЕШАЧКИ УЛИЦИ ВО ПЕХЧЕВО

Реконстурирани и поплочени со бекатон плочки две улици во Пехчево.

**Вкупната вредност на активноста:** 851.680,00 денари, средства обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево.

## 10. ИЗГРАДБА НА ТРОТОАР НА УЛИЦА РАВЕН ВО ПЕХЧЕВО, ПОСТАВУВАЊЕ НА БЕКАТОН ПЛОЧКИ ОКОЛУ ЦРКВАТА ВО СЕЛО УМЛЕНА И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРОШИРУВАЊЕТО КАЈ КАФАНИ ОКИ ВО СЕЛО УМЛЕНА

Изграден и поплочен е тротоар на улица Равен во Пехчево, во должина од 55 метри, поставени се бекатон плочки на 55м2 околу црквата во село Умлена и поплочено е проширувањето кај кафана Оки во село Умлена на површина од 117м2.

**Вкупната вредност на проектот е:** 679.216,00денари, обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево.

## 11. ПРИСТАП ДО АПЛИКАЦИЈА И АПЛИКАЦИЈА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА ПОЖАРИ

Овој проект е финансиран преку IPA INTERREG – Меѓугранична соработка Шпанија – Португалија во соработка со Шпанската асоцијасија на пожарникари FIPAS и Општина Пехчево.

**Проектот е во вредност од:** 615.000,00 денари, Општина Пехчево нема финансиско учество во истиот, а имаме добиено апликација и пристап до апликаца за рана детекција на пожари.

## 12. ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ПРИКЛУЧОЦИ НА УЛ. „18 – АВГУСТ" – ПЕХЧЕВО

По барање на граѓаните беше реализирана проектната активност „Изградба на канализација и поставување на нови приклучоци на ул „18- ти Август во Пехчево. Оваа активност беше реализирана заеднички со ЈКП „Комуналец" – Пехчево и **вкупната вредност на проктната активност е :** 200.200,00 денари.

## 13. ПРОШИРУВАЊЕ НА КРИВИНА И ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРОПУСЕН КАНАЛ КАЈ МЕСНОСТА СУВИ ДОЛ

Кај месноста Суви Дол во Пехчево поради нарушена безбедност на сообраќајот, Општина Пехчево во соработка со ЈКП „Комуналец" – Пехчево пристапи кон реализирање на активноста „Проширување на кривина и

потавување на пропустен канал“ . **Вкупната вредност на проектот е :** 232.000,00 денари.

## 14. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ МАНИФЕСТАЦИИ, САЕМИ И ФЕСТИВАЛИ – ЕТНО САЕМ „ПЕХЧЕВСКИ ПАВЛОВДЕН“

Градоначалникот на Општина Пехчево потпиша договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за финансиска поддршка за организација на локални манифестации, саеми и фестивали.

Со организирањето на на Етно саемот „Пехчевски Павловден“ кој оваа година по втор пат финансиски е поддржан од страна на Министерсвото за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се одржува веќе 14 години, се придонесе кон поголема туристичка посетеност на градот Пехчево, афирмација како на општината така и на нашата држава, како дестинација иделна за развој на руралниот туризам. Преку оваа манифестација беа промовирани малите локални производители, кои секогаш се присутни на ваквите настани, за да добијат можност да ги промовираат своите производи, изработки и ракотворби.

Локалната манифестација Етно саем „Пехчевски Павловден“ е локална манифестација која е самоодржлива и има висок позитивен импакт врз пошироката јавност, допира до локалните производители и ги промовира нашите културни и традиционални вредности.

**Вкупната вредност на поддршката која Општина Пехчево ја доби од МЗШВ е:** 112.300,00 денари.

## 15. ИЗРАБОТКА НА ПЛАТФОРМА ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ ВО ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Со потпишување на Договорот за меѓуопштинска соработка, се заокружува процесот на изработка на платформата за дигитализација на општинските услуги во Источниот плански регион. Благодарение на UNDP MK и Бирото за регионален развој, физичките и правните лица од Источниот регион ќе можат електронски да поднесуваат барања за околу дваесетина општински услуги. Носител на проектот е Општина Штип, а партнери останатите 10 општини од регионот и Центарот за развој на Источен плански регион.

## 16. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СУВА КОМОРА НА РЕЗЕРВОАР ВО СЕЛО ЦРНИК – ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Заврши реализацијата на проектот „Реконструкција на сува комора на резервоар во село Црник, Општина Пехчево“ во вредност од **1.103.803,00 денари.**

Финансиските средства, Општина Пехчево ги има обезбедно од страна на Министерството за транспорт и врски, Потпрограма 11 – Поддршка на имплементацијата на Декада и Стратегија за Ромите за 2022 година.

Со реализацијата на овој проект, променети се сите фасонски делови во резервоарот, пуштена е во употреба втората комора од резервоарот и поставена е дополнителна опрема за хлорирање на водата.

Постоечката водоводна арматура и фасонски парчиња беа застарени нефункционални и можеше да дојде до нивно пукање, па затоа истите се заменети со нови.

Село Црник во летните и сушни периоди имаше недостаток на вода и населението остануваше без вода за пиење, но со пуштање во употреба на втората комора од резервоарот проблемот со водоснабдување е решен.

Со поставената дополнителна опрема за хлорирање на водата ќе се достигне поголем квалитет на истата и уништување на сите патогени и факултативно патогени микроорганизми.

Со реализација на проектот „Реконструкција на сува комора на резервоар во село Црник, Општина Пехчево" постигната е целта, односно обезбедена е чиста вода за пиење на населението и подобрено е водоснабдувањето на селото.
Го исполнуваме и реализираме ветеното на граѓаните!

## ПРОЕКТИ ВО ТЕК НА РЕАЛИЗАЦИЈА:

### 1. ПРОЕКТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР – ПСЕЕП ( IBRD -9038MK)

Општина Пехчево како дел од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор - ПСЕЕП ( IBRD – 9038 MK ), финансиран од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска Банка, ќе ја реализира проектната активност „Реновирање на општински објекти во Општина Пехчево" за подобрување на ЕЕ – Административна зграда на општина Пехчево. После успешно поминат сеизмички скрининг, на состанокот кој се одржа во просториите во општина Пехчево помеѓу Градоначалникот на Општина Пехчево и стручни лица од тимот вклучени во проектот, беше констатирано дека општината поминува во наредната фаза на имплементација на проектот и ќе биде изготвен Основен проект за изведба.

### 2. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ НА ЗГРАДАТА НА ЗДРАВСТВЕН ДОМ Д-Р ИВАН ГЕОРГИЕВ – ПЕХЧЕВО

Општина Пехчево доби грант за зголемување на енергетската ефикасност на Здраствен дом "Иван Георгиев" – Пехчево.

Во согласност со Договорот за заем за финансирање на проекти за енергетска ефикасност во јавниот сектор помеѓу Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, претставувана од Министерството за финансии и врз основа на одредбите од Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот секотр, Министерството за финансии и Општина Пехчево потпишаа Договор за грант за регулирање на меѓусебните права и обврки за финансирање и спроведување на проектот за „Реконструкција на ЈЗУ Здравствен дом – Пехчево" за зголемување на енергетската ефикасност.

За финансирање на Проектот „Реконструкција на ЈЗУ Здравствен дом – Пехчево" , за зголемување на енергетската ефикасност, Министерството за финансии ќе обезбеди финансиски средства од заемот на Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, во износ од 10.812.398 МКД. Проектни активности кои ќе се реализираат со овој проект се: Изведба на нова енергетско ефикасна фасада, замена на постоечките прозорци и врати, изолирање на подови, како и изолирање на покривот.

Градежните работи ќе се реализираат во првата половина на 2024 година.

## 3. ДОГРАДБА НА ТОАЛЕТИ НА НОВОИЗГРАДЕНИ УЧИЛНИЦИ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО ЦРНИК, ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Врз основа на Јавен повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година за поддршка на имплементација на Деката и Стратегија за Ромите, Општина Пехчево поденсе апликација број 03-292/2 од 28.02.2023 година за реализација на проктот „Догадба на тоалети на новоизградени училници на ООУ „Ванчо Китанов" – село Црник, Општина Пехчево.

**Проектот беше одобрен од страна на Министерството за транспорт и врски и беше потпишан Договор, со што беа одобрени средства во висина од 822.687,00 денари.**

Бидејќи вкупната вредност на проектот беше **1.963.718,00 денари**, Општина Пехчево поднесе апликација за истот овој проект до Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико за дофинансирање на истиот. Апликацијата беше одобрена и беше потпишан Договор за реализација на локална акција Доградба на тоалети во основното училиште „Ванчо Китанов" – село Црник, Општина Пехчево.

За овој проект завршена е јавната набавка и истиот треба да почне со реализација.

## 4.ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ ВО СЕЛО ЧИФЛИК УЛИЦА БРОЈ 1 СО КРАК 1

Проектот „Изградба на локални патишта и улици во село Чифлик број 1 со крак 1" е аплициран со апликационен формулар број 03-343/2 од 03.03.2023 година, во Бирото за регионален развој, по Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој, развој на подрачјето со спесифични развојни потреби и за развој на селата, дел III - Прибирање на предлог проекти за развој на селата за 2023 година. **Вкупната сума на проектот изнесува** 2.658.665,04 денари.

Потпишан е договор со Бирото за јавни набавки, архивски број 03-1389/1 од 27.11.2023 година и за истиот во тек е распишување на јавна набавка за избор на најповолен понудувач за изведување на активностите за реализација на проектот.

## 5. НАБАВКА НА МАШИНА ЗА МЕТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНА НА ЈАВЕН ПРОСТОР ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Проектот „Набавка на машина за метење и одржување на хигиена на јавен простор во Општина Пехчево" е апилициран со апликационен формулар број 03-344/2 од 03.03.2023 година, во Бирото за регионален развој, по Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој, дел I - Прибирање на предлог проекти за развој на урбани подрачја и одржлив урбан развој за 2023 година.

**Вкупната сума на проектот изнесува** 2.420.000,00 денари.

Потпишан е договор со Бирото за јавни набавки, архивски 03-1388/1 од 27.11.2023 година и за истиот во тек е распишување на јавна набавка за избор на фирма за набавка на машината за метење и одржување на хигиена на јавен простор во Општина Пехчево.

## 6. ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ ВО СЕЛО ЧИФЛИК, СЕЛО РОБОВО И СЕЛО УМЛЕНА

Потпишан договор број 03-1417/1 од 04.12.2023 година за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектите – Основен проект за изградба на локални улици во село Чифлик, Основен проект за изградба на улица број 3 во село Умлена, Основен проект за

изградба на улици во село Робово, сите во Општина Пехчево број 03-1417/1 од 04.12.2023 година.

**Образложение**

За реализација на горенаведените проекти дел од средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево, дел од Буџетот на Владата на Република Македонија преку соодветните министерства или преку Источен Плански регион.

Средствата кои се обезбедени од страна на буџетот на Општина Пехчево се исплатени преку сметката на Општина Пехчево, додека средствата обезбедени од страна на соодветните министерства при Владата на Република Македонија, дел се исплатени директно од Министерствата, а дел се исплатени на наменска сметка на Општината од страна на соодветните Министерства.

Изработил:
Елица Јовевска

Број ________________
Датум________________

Општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска